**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | **Градоначалник на Град Скопје** |
| ИЗГОТВУВАЧ: | **Сектор за планирање и уредување на просторот** |
| ПРЕТСТАВНИК: | **Раководител/Пом. раководител на Сектор за планирање и уредување на просторот** |
| ПОВЕРЕНИК: | **Претставник од Сектор за планирање и уредување на просторот** |

# ПРЕДЛОГ - РАЗВОЕН ПЛАН ЗА ОДРЖУВАЊЕ, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ИЗГРАДБА НА МАГИСТРАЛНИ И СОБИРНИ УЛИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД 2027 - 2029 ГОДИНА

**Скопје, јули 2026 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 7 од Законот за комуналните дејности (Службен весник на Република Македонија бр.95/12 и 163/13 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.302/20, 255/24, 3/25 и 17/25“), Советот на Град Скопје на __________седница, одржана на _________2026 година, донесе

**РАЗВОЕН ПЛАН**
**за одржување, реконструкција и изградба на магистрални и собирни улици на подрачјето на Град Скопје за период 2027 - 2029 година**

## I. ВОВЕД

Со овој Развоен план се дефинираат и преземаат активности за одржување во функционална состојба на магистарални и собирни улици за безбедно одвивање на сообраќајот на подрачјето на градот Скопје.

Предмет на овој Развоен план е преземање активности кои се однесуваат на редовно, периодично и интервентно одржување, реконструкција и изградба на магистралните и собирните улици на подрачјето на градот Скопје во периодот од 2027, 2028 и 2029 година.

## II. ОБЕМ И ДИНАМИКА НА АКТИВНОСТИ

### а) Обем

1. Одржувањето, реконструкцијата и изградбата на магистралните и собирните улици опфаќа:

- работи на редовно одржување со кои сообраќајниците континуирано се одржуваат во функционална состојба, како и тротоарите, велосипедиски патеки, паркинзите, мостовите, надвозниците и подвозниците на магистрални и собирни улици за безбедно одвивање на сообраќајот;

- работи на периодично одржување кои повремено се превземаат за продолжување на животниот век на патната инфраструктура;
- работи на интервентно одржување за отстранување на оштетувања настанати од непредвидени настани за обезбедување на непречен и безбеден сообраќај на магистрални и собирни улици;
- редовно следење на состојбите на коловозите, велосипедските патеки, тротоарите, паркинзите, мостовите, надвозниците и подвозниците на магистралните и собирните улици;
- константирање на оштетувања и навремено превземање мерки и активности за нивно санирање, со поправка на ударни дупки и санација на прокопи;
- изведба на коловозите, велосипедските патеки, тротоарите, паркинзите, мостовите, надвозниците и подвозниците на магистралните и собирните улици и
- одржување на заштитни огради и столпчиња.

Активностите од оваа точка треба да се изведуваат на магистрални и собирни улици, согласно Генералниот урбанистички план на Град Скопје за планскиот период 2012 – 2022 година, ("Службен гласник на Град Скопје", бр. 18/12), со вкупна должина која изнесува:

- планирана улична мрежа 211.179 $м^1$
- реализирана улична мрежа 119.240 $м^1$

Одржувањето, реконструкцијата и изградбата на магистралните и собирните улици ги опфаќа следниве работни операции: раскопување деградиран асфалт, тампонирање со толчаник, машинско засекување ивици, прскање со емулзија, асфалтирање, чистење и транспортирање на раскопаниот материјал.

**б) Динамика**

Динамиката на одржувањето, реконструкцијата и изградбата на магистралните и собирни улици ќе се утврдува согласно годишните програми на ЈП Улици и патишта за кои е потребна согласност од Советот на Град Скопје, во периодот од осум месеци во текот на годината, почнувајќи од 15-ти март до 15-ти ноември.

**III. ФИНАНСИРАЊЕ НА РАЗВОЈНИОТ ПЛАН**

Овој Развоен план ќе се финансира од средства предвидени во буџетите на Град Скопје за 2027, 2028 и 2029 година.

Цената на услугите за одржувањето, реконструкција и изградбата на магистралните и собирните улици ги опфаќа цената на материјалите, трошоците на механизацијата (гориво и мазиво) и цената на услугата (во единечна цена на извршена количина или час), дефинирани во ценовникот.

Советот на Град Скопје дава согласност на ценовник за одржување, реконструкција и изградба на магистрални и собирни улици на подрачјето на град Скопје.

## IV. ИЗВРШУВАЊЕ НА РАЗВОЈНИОТ ПЛАН

Активностите предвидени во овој Развоен план ќе ги извршува ЈП Улици и патишта - Скопје, основано од Град Скопје, за реализација на работите утврдени со годишните програми.

## V. НАДЗОР

Надзор над спроведувањето на развојниот план врши Градоначалникот на Град Скопје преку Секторот за планирање и уредување на просторот.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овој Развоен план влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје”.

Број ________

_________2026 година

С к о п ј е

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕТСЕДАТЕЛ,

Проф.Др.Даме Димитровски

Образложение

Со член 36 од Законот за локалната Самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје.

Согласно член 7 од законот за Комуналните дејности (Службен весник на Република Македонија бр.95/12 и 163/13 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.302/20, 255/24, 3/25 и 17/25“), единиците на локалната самоуправа се должни да донесат Развојни планови за период од три години.

Развојниот план претставува основа за системско и континуирано планирање на инвестициите во уличната инфраструктура на подрачјето на град Скопје, овозможува навремено преземање на активности за подготовка и реализација на проекти, како и обезбедување на услови за подобрување на безбедноста на сообраќајот, зголемување на проточноста и квалитетот на сообраќајната мрежа. Со усвојувањето на Планот се создаваат предуслови за ефикасно користење на буџетските средства и реализација на капиталните инвестиции во согласност со утврдените приоритети на Град Скопје.

Финансирањето на Развојните планови е предвидено во Буџетот на Град Скопје, соодветно за секоја година од планот.

Јавните претпријатија задолжени за реализација на активностите од овие планови носат свои годишни програми кои ги одобрува Советот на Град Скопје.

Со донесување на овој План, Град Скопје ќе може да склучува договори со Ј.П. Улици и патишта – Скопје за развојните ставки од Буџетот, со цел негова реализација.

Заради наведеното, се предлага Советот на Град Скопје да го усвои Развојниот план за одржување, реконструкција и изградба на магистрални и собирни улици на подрачјето на град Скопје за период 2027 – 2029 година.